РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД
Комитет за следење на ИПАРД 2014-2020

*Записник*
*од четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020*

*4 декември 2018 година*

*Клуб на пратеници*
*Скопје*

*Арх.бр 20-4229/10*
*29.05.2019*

## I. Листа на учесници

Раководител на Сектор за управување со ИПАРД: Живко Брајковски во улога на претседавач на состанокот.

*Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД:*

1. Никица Бачовски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. Трајан Димковски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. Славица Михајловска - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. Маја Лазареска Јовеска - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
5. Вулнет Арифи - Министерство за локална самоуправа;
6. Назмије Идризи - Министерство за животна средина и просторно планирање;
7. Сашо Ристески - Македонска асоцијација на преработувачи;
8. Сашко Арсов - Агенција за храна и ветеринарство;
9. Љиљана Вуковиќ - Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;
10. Асен Дуковски - Сојуз на земјоделците на Македонија;
11. Петар Ѓеоргиевски - Мрежа за рурален развој на Р.М;
12. Гордана Лозановска Стефановска - ЛАГ Пелагонија;
13. Владимир Петков - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје;
14. Зоран Зимбаков - Заедница на единиците на локалната самоуправа;
15. Александра Матиќ Север - Министерство за култура;
16. Елгафар Јусуфи - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
17. Сашо Крцоски - Мрежа на млади фармери.

*Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД:*

1. Петар Андонов - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
2. Љубица Ѓерасимова - СЕП;
3. Александар Зарков - Сојуз на стопански комори на Република Македонија;
4. Ивана Јанеска Стаменковска - Факултет за земјоделски науки и храна;
5. Младен Фрчковски - Министерство за труд и социјална политика;
6. Даниела Цветаноска - ЛАГ Агро Лидер;

*Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:*

1. Liam Breslin - Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. Zigo Rutkovskis - Директорат за земјоделство и рурален развој.

*Претставници од Европска Делегација:*

1. Маргарита Делева - Делегација на Европска Унија во Република Македонија;
2. Virve Vimpari - Делегација на Европска Унија во Република Македонија;

*Претставници на ИПАРД структурата:*

*Претставници од НАО и НФ :*

1. Тања Жежова - Министерство за финансии.

*Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):*

1. Виктор Младеновски - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
2. Александра Дика - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
3. Јасмина Хаџибулиќ - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
4. Исах Имишти - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
5. Златко Колевски - одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови;
6. Оливер Стефановски - одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови;
7. Кирил Ристоски - одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови;
8. Сашка Јовановска Вукелиќ - одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови;
9. Неда Груевска - одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови;
10. Душко Јакимовски - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. Гордана Смилеска - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
12. Габриела Петрова - одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови;
13. Александар Антески - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
14. Игор Трошански - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
15. Мухадин Лимани - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.

*Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):*

1. Николче Бабовски - Директор на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

**Резултати:** заменик претседател на Комитетот, 17 членови и 6 заменици, со право на глас (од вкупно 29 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од 2/3 од членовите со право на глас (или нивните заменици) за одржување на состанокот согласно член 8 став (3) од Деловникот за работа.

*Листата на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во прилог 1 од овој записник.*
*Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.*

*II. Дневен ред*

за четвртиот состанок на  на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020

| Бр. | Тема | **Презентирано од:** | **Документи/Прилози** |
|---|---|---|---|
| | Пристигнување и регистрација | Секретаријат на Комитет за следење на ИПАРД | |
| xx | Потврда за присуство на членовите/замениците за состанокот и постигнување на кворум согласно Деловникот за работа | Секретаријат на Комитет за следење на ИПАРД | Регистрација |
| 1. | Усвојување на предлог дневниот ред за четвртиот состанок на Комитет за следење на ИПАРД 2014-2020 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2. | Усвојување на записникот од претходниот трет состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 17 мај 2018 | Претседавач | Финален записник |
| 3. | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот трет состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 4. | Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет | НИПАК | Презентирано на самиот состанок |
| 5. | Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014- 2020 | | |
| 5.1 | Информација во однос на пристигнати барања за инвестиции, барања за исплата и исплатени средства од првиот Јавен повик за ИПАРД 2014-2020 | ИПАРД Агенција | Извештај на ИПАРД Агенција |
| 5.2 | Информација за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура | НАО | Презентирано на самиот состанок |
| 5.3 | Информација за годишниот извештај за следење (полугодишни податоци за следење на напредокот на спроведувањето на | ТУ | Извештај на ТУ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ИПАРД II Програмата) | | |
| 6. | **Дискусија/одобрување на модификација на ИПАРД II Програмата** | | |
| 6.1 | Статус во однос на првата модификација на ИПАРД II Програмата | ГД-АГРИ | Презентирано на самиот состанок |
| 6.2 | Воведување на нови мерки во ИПАРД 2014-2020 / Дискусија за втора модификација на ИПАРД II Програмата | ТУ | Предлог за втора модификација на ИПАРД II Програмата |
| 7. | Активности за техничка помош | | |
| 7.1 | Напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2018 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 7.2 | Напредок на активности за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 7.3 | Усвојување на годишен акциски план за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 7.4 | Усвојување на АПТА 2019 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 8. | Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД | НАО | Извештај на НАО |
| 9. | Информација/дискусија за резултатите од тековната евалуација | ТУ | Извештај на ТУ |
| 10. | Информација за реформите во Заедничката земјоделска политика на ЕУ по 2020 година | ГД-АГРИ | Презентирано на самиот состанок |
| 11 | Разно | / | / |
| 12. | Предлог на дневен ред за следниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | Дискусија |
| | Затворање на состанокот | Претседавач | |

III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020

**1. Точка 1 од дневниот ред: „Усвојување на предлог дневниот ред за четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020".**

Во отсуство на претседателот на Комитетот на следење на ИПАРД 2014-2020, состанокот го отвори раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски како негов заменик и им посака добредојде на сите присутни на состанокот, на претставниците од Европската Комисија (ЕК), како и на новите членови на Комитетот. Во однос на предлог дневниот ред за четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, тој додаде дека е направена измена во потточка 7.1 и истата се преименува во: Напредок на активности во однос на спроведување на Акциски план за техничка помош (АПТА) 2018 и усвојување на измените/дополнувањата на АПТА 2018. Измените се однесуваат на покривањето на трошоците на претставниците на ТУ на работилница за спроведување на мерката техничка помош која што ќе се одржи на 14 декември 2018 година во Брисел, како и префрлање на сите нереализирани активности од АПТА 2018 во АПТА 2019 година.
Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр.1:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го усвои дневниот ред за четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

**2. Точка 2 од дневниот ред: „Усвојување на записникот од претходниот трет состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 17 мај 2018"**
Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, информираше дека записникот од претходниот трет состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 17.5.2018 година, е испратен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на 10.7.2018 година и заклучно со 24.7.2018 година до Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 не се пристигнати коментари од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.
Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 немаа забелешки по однос на записникот и беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 2:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го разгледа и усвои записникот од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, кој се одржа на 17 мај 2018 година, како конечен.

**3. Точка 3 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот трет состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020"**
Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос

на напредокот во спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

Во однос на оваа точка, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, беше информиран за напредокот во спроведување на одлуките/заклучоците од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

**4. Точка 4 од дневниот ред: „Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет"**

Во врска со точка 4, претставникот на СЕП, Љубица Ѓерасимовска информираше во однос на состанокот на Комитетот за конкурентност, иновации и земјоделство закажан за 12 декември 2018 година. Сите подготвителни активности од ИПА II односно за ИПА 2015 година, во однос на Акцискиот план за земјоделство и рурален развој се одвиваат согласно распоредот. Според акцискиот план, за земјоделство и рурален развој кој е во износ од 3.300.000 €, договорите се во финална фаза и крајниот рок за склучување на договорите во рамките на овој план е до крај на 2019 година. Акцискиот план за 2019 година исто така е во финална фаза и во рамките на овој документ за секторот земјоделство и рурален развој предвидени се 14.000.000 € и истиот ќе биде испратен до ЕК на консултации до крајот на 2018 година. Главните теми кои што беа дефинирани како приоритет во рамките на акцискиот план за ИПА 2019 година се системите за вода и наводнување, консолидација на земјиште. За време на подготовката на овој документ, канцеларијата на ИПА одржа 4 состаноци каде што беа вклучени претставници на граѓански општества, претставници на земјоделски здруженија.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше во однос на ИПА Мониторинг Комитетот.

**5. Точка 5 од дневниот ред: „Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020"; потточка 5.1 од дневниот ред: „Информација во однос на пристигнати барања за инвестиции, барања за исплата и исплатени средства од првиот Јавен повик за ИПАРД 2014-2020"**

Во однос на оваа потточка, директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), Николче Бабовски ги информираше членовите во однос на пристигнатите барања од првиот јавен повик, односно дека се пристигнати вкупно 1.648 барања. Големиот број на барања, како и прифаќањето на т.н празни барања, го усложнуваат процесот на нивна обработка и потпишување на договори. Во однос на мерките, тој додаде дека Мерка 1 е целосно завршена и договорите се потпишани. Мерката 3 веќе е финализирана истите предмети се обработени, а во однос на Мерка 7, 26 договори се обработени и во наредниот период ќе бидат склучени. Вкупно склучени се 936 договори со одобрени средства во висина од од 17.600.000 € од кои европски дел 13.200.000 €. Што се

однесува на исплатата, пристигнато е 401 барање, со побарана вредност од 3.600.000 €, од кои, европски дел 2.700.000 €. Исплатени се 100 предмети во висина од 491.000 € и во наредниот период се очекува оваа бројка да се зголеми.

Претставникот на АФПЗРР, Вангел Наневски даде подетална анализа во однос на барањата по мерки.

Што се однесува на Мерка 1, склучени се 905 договори со вкупна финансиска од 11.019.543,00 € (8.264.657,25 € изнесува ЕУ учеството). Најголем интерес бележи растителното производство каде што се одобрени 394 барања со вкупна вредност од 3.000.000 € (ЕУ дел). Потсекторот житарици не бележи голем интерес (9 одобрени апликации за индустриски житарици), за разлика од градинарското производство каде што се одобрени 61 барање. 306 барања се одобрени за овошни насади и 123 за лозови насади. Едно барање е одобрено во сточарското производство (фарма за говеда за тов), 3 за тов на свињи, 3 за овци, и за живина 2. Во однос на преработка на земјоделско стопанство, одобрено е едно барање за обновливи извори на енергија во вредност од 6000 €. Од вкупно 1404 барања, одобрени се 905 а одбиени 499. Најголема причина за одбивање е некомплетноста на барањата.

Што се однесува на празните барања, тој информираше дека биле пристигнати вкупно 56, со што, било тешко да се утврди вкупната вредност на тие барања. Поради тоа, АФПЗРР во иднина ќе настојува да се отстрани приемот на таквите барања, односно, воопшто да не се обработуваат некомплетни/ празни барања.

Во јавниот повик 01/17, барателите имале можност во рок од 15 работни дена (со евентуално дополнување од 10 работни дена) за докомплетирање на потребната документација. За таа цел, во новиот јавен повик 01/18, направена е модификација на процедурите, со што, на барателите ќе им се дадат 8 работни дена за прибавување на потребните документи. Во спротивно, ќе следи решение за одбивање. Иако со оваа измена може да се зголеми бројот на одбиени барања, сепак со доставување на комплетната документација ќе се забрза и процесот на нивна обработка.

Со јавниот повик 01/17 беше исцрпен и целиот буџет предвиден за трактори (4.300.000 €) така што, во наредните јавни повици до крајот на овој програмски период тракторите нема да бидат прифатливи како инвестиција.

Како еден од проблемите кои што доведоа до пролонгирање на процесот на одобрување на проекти, е прибирање на референтни цени. За таа цел, АФПЗРР има склучено договор со Биро за судски вештачења кое што, врши утврдувања на пазарните цени и ја враќа информацијата до АФПЗРР. Доцнењето во однос на доставувањето на потребните податоци од страна на Бирото за судски вештачења, беше истакнато како проблем кој што АФПЗРР ќе се обиде да го надмине во наредниот период.

Во однос на Мерка 3, одобрени се 31 апликација со вкупна вредност од 4.900.000 € (ЕУ дел) и во периодот што следува се очекува да се одобрат уште 2 барања. Доцнењето е поради референтните цени. Како причини за одбивање беше наведена големината на претпријатијата која не се утврдува само со тековна состојба од централен регистар, издадена за барателот, каде што е наведена самата големина на објектот. Таа се утврдува и согласно ЕУ препораката за големина на мали и средни претпријатија 2000/361 каде што е предвидено големината на претпријатието да се утврди и на поврзаните субјекти на самото претпријатие.

Најголем број на одобрени договори во оваа мерка се во овошје и зеленчук односно 10 склучени договори со вкупна вредност од 2.074.024,77 €. Вкупен број на одобрени барања во оваа мерка е 31.

Во однос на Мерка 7 примени се 187 барања каде што бројот на побарани финансиски средства изнесува 42.558.585,14 € што е многу над расположливиот буџет на самата мерка. Буџетот за оваа мерка е 2.700.000 €. Одбиени се 161 барања а за 26 предвидено е да се склучат договори до крајот на 2018 година. Со дозвола на ЕК и со самата модификација на Програмата каде што се предвидени дополнителни средства во оваа мерка, ќе се опфатат сите барања без примена на правилото за рангирање. По одобрување на измената на Програмата и прилагодување на внатрешните процедури со овие измени, се очекува Јавен повик за оваа мерка во февруари 2019 година. Како причина за одбивање беше наведена некомплетноста на барањата.

Раководителот на Секторот за рурален развој при МЗШВ, Трајан Димковски, го посочи проблемот со кој што се соочуваат земјоделците (конкретно за Мерка 1 односно трактори), каде што во фаза на одобрување на проекти е одобрено барањето и е издадено решение и направен е договор, а при контрола за исплата се одбива земјоделецот. Тој постави прашање дали при одобрување и при исплата се читаат истите документи и побара решавање на оваа состојба. Претставникот на АФПЗРР, Владимир Христов, ја објасни постапката во делот на исплата. По склучување на договорите, самите корисници имаат обврска, по реализација на инвестицијата, да поднесат барање за исплата со сет од документи со кои што се докажува исполнување на одредени услови и критериуми од ИПАРД Програмата 2014-2020, Договорот за финансиска поддршка и Секторската спогодба. Конкретно за овој проблем, набавка на маханизација односно трактори, согласно листата на прифатливи трошоци одобрена од ЕК, за набавка на трактор постои критериум кој што треба да се исполни пред самата исплата на средства и во зависност од производството тој критериум варира. Доколку се работи за мешовито производство, корисникот треба да има минимум 1 хектар расположливи капцитети, пријавени и ажурирани во МЗШВ во единствениот регистар на земјоделски стопанства, и тоа со податоци не постари од 15 дена од поднесување на барањето за исплата. Кога корисникот поднел барање за исплата, истиот во барањето за финансиска поддршка навел на кои производни капацитети ќе го остварува производството. Пред исплатата на средства, од страна на корисниците се бара ажуриран документ со кој докажува што одгледува во моментот. Од страна на АФПЗРР, како Сектор за исплата и контрола на лице место, се врши проверка на производните капацитети и исполнување на страндардите.

Во однос на прашањето на Раководителот на Сектор за рурален развој при МЗШВ, Трајан Димковски, дали секторите за одобрување и исплата ги гледаат истите документи и дали земјоделецот е дополнително информиран за недостатоците кои што ги има во барањето, претставникот на АФПЗРР, Владимир Христов одговори дека се гледаат истите документи затоа што се работи за единствениот регистар на земјоделски стопанства. Земјоделците се информирани за условите кои што треба да ги исполнат пред исплатата на средства на самиот чин на потпишување на договор. АФПЗРР им објаснува кои се нивните права и обврски како и правата и обврските на АФПЗРР. Тој исто така додаде дека е нормално да постои разлика во документите затоа што од самото поднесување на барањето за финансиска поддршка до

поднесување на барањето за исплата поминуваат повеќе од 2 години. Документите по кои што работи АФПЗРР се документи издадени од МЗШВ односно од подрачните единици, врз основа на податоци евидентирани во единствениот регистар на земјоделски стопанства кои пред поднесување на барање за исплата треба да бидат ажурирани.

Посебниот Советник за земјоделство, шумарство и водостопанство на Претседателот на Владата на Р.М, Ленче Николовска, додаде дека се работи за пропуст на институциите бидејќи тие земјоделци очигледно не биле доволно информирани во однос на условите и побара проблемот да се реши.

Во однос на улогата на консултантите, претставникот на МАП, Сашо Ристески истакна дека оние консултанти кои поднесуваат празни барања треба да бидат санкционирани додавајќи дека, АФПЗРР треба повеќе да соработува со консултантите бидејќи тие го прават бесплатниот маркетинг на Агенцијата. Што се однесува до скратувањето на рокот за дополнување на документацијата на 8 дена, тој додаде дека ваквата измена можно е да предизвика проблеми, особено при набавка на опрема од странство за која понудите се чекаат подолго време. Никој од сериозните производители на опрема, посебно од Европа, не дава рок на валидност на понудата поголема од 3 месеци. Кога се пролонгираат роковите од страна на АФПЗРР, тие понуди станувaат нерелевантни, односно ќе треба повторно да се собираат истите понуди.

Претставникот на АФПЗРР, Вангел Наневски, одговори дека законски не смеат да ги санкционираат консултантите. Што се однесува на времето потребно за комплетирање на барањето, тој додаде дека апликантите имаат 30 дена минимум најава на Јавен повик каде што можат да извршат прибирање на понудите и дополнителни 45 дена утврдени со Уредбата за спроведување на ИПАРД 2014-2020 додека трае Јавниот повик. Станува збор за 75 дена односно време, кога можат да ги приберат понудите и истите да ги поднесат.

Претставникот на АПРЗ, Петар Андонов информираше дека, и покрај недостатокот на административни капацитети и потребата од нови вработувања, консултантите од АПРЗ учествуваат во целокупниот процес на подготовка на барањето за ИПАРД Програмата 2014-2020, односно, го подготвуваат техничкиот предлог проект, а во некои случаеви и деловниот план. Имаат одлична соработка со АФПЗРР и сигнализираат одредени проблеми.

Во однос на некомплетните барања, претставникот на ЕК, Лиам Бреслин истакна дека е потребно во текот на информативните кампањи, да им се укаже во однос на документацијата што недостасува. Тој исто така предложи да се објави листа на успешни ИПАРД проекти на веб страната на ИПАРД.

Во однос на институционалниот систем, претставникот на ЕК, Зиго Рутковскис посочи дека во Република Македонија постои еден транспарентен и јасен пристап што се применува односно, сите барател ги знаат своите права и своите обврски кога аплицираат, знаат што точно потпишуваат и знаат што треба да постигнат до крајот на проектот. Тие правила се јасни и сите корисници се известени детално за тоа. Во однос на некомплетните барања, тој наведе дека истите се неприфатливи и треба веднаш да се одбијат додавајќи дека тоа е основно правило да се поднесе барање согласно утврдените правила и роковите.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски додаде дека во иднина, празните барања нема да се толерираат.

Во однос на оваа потточка, Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше во однос на пристигнати барања за инвестиции, барања за исплата и исплатени средства од првиот Јавен повик за ИПАРД 2014-2020.

### 5.2. Потточка 5.2 од дневниот ред: „Информација за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална јавна инфраструктура"

Претставникот на Националниот координатор за авторизација, Тања Жежова информираше дека изменетите процедури за имплементација на мерката Рурална јавна инфраструктура се одобрени во октомври 2018 година. Пакетот/ барањето за пренесување на правото за управување со буџетот на мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура" од ИПАРД Програмата 2014-2020 беше испратено до ЕК на 13 ноември 2018 година. Во консултација со ЕК најавено е дека се прави административна проверка на пакетот од аспект на исполнување на барањето за акредитација и најавено е дека во април 2019 година ќе се направи ревизорска мисија затоа што ревизорите сакаат да дојдат на лице место и да направат проверка, односно да се осигураат дека вработените се обучени за спроведување согласно доставените работни постапки во пакетот за пренесување на правото за управување со буџетот. Согласно оваа динамика, акредитација на оваа мерка се очекува најрано во јуни 2019 година.
Во врска со оваа потточка Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална јавна инфраструктура.

### 5.3. Потточка 5.3 од дневниот ред: „Информација за годишниот извештај за следење (полугодишни податоци за следење на напредокот на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 )"

Претставникот на ТУ, Виктор Младеновски накратко го презентираше годишниот извештај за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 земајќи во предвид дека голем дел од податоците веќе беа презентирани од страна на АФПЗРР. Тој информираше дека во пелагонискиот регион има најголем број на склучени договори. Тоа пред сè, се должи на потребата од механизација бидејќи во тој регион доминира полјоделското производство, меѓутоа таму се и најмалите инвестиции, односно инвестиции за механизација.
Во отсуство на забелешки, Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го усвои следниов заклучок:

Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за годишниот извештај за следење (полугодишни податоци за следење на напредокот на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020).

6. Точка 6 од дневниот ред: **„Дискусија во врска со модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

6.1. Потточка 6.1: **„Статус во однос на првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на ЕК, Зиго Рутковскис информираше дека официјално првата модификација била доставена на 1.10.2018 година по што беше започната консултација со останатите служби на Комисијата и европските институции. Нивните коментари се доставени на консултација до ТУ и АФПЗРР. Тој додаде дека се во процес на постигнување на договор за конечната верзија на модификацијата односно, по добивање на согласност, ќе се премине кон нејзино усвојување. Согласноста се очекува во следните неколку месеци. Тој потенцираше дека ова е многу важна модификација земајќи во предвид дека ќе може да се аплицира за проекти за системи за наводнување, ќе се подобри финансискиот план, процедурите во насока на елиминација на празните апликации и која што ќе помогне да се зголеми искористеноста на ИПАРД фондовите како во наредната така и во следните години.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски исто така ја потенцираше важноста на оваа модификација од аспект на:

- воведување на нови системи за наводнување капка по капка, а не само обновување на постојните;
- реалоцирање на средства од една во друга мерка со цел да не се изгубат средствата;
- елиминирање на празните барања;
- исплата на дополнителни 2.000.000 € од Мерка 7.

Тој исто така апелираше до претставниците на ЕК, модификацијата да биде одобрена до крајот на 2018 година или првата половина на јануари 2019 година бидејќи врз основа на истата, АФПЗРР треба да направи измени во сопствените процедури.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го донесоа следниов заклучок:

Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за статусот во однос на првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020.

6.2 Потточка 6.2: **„Воведување на нови мерки во ИПАРД Програмата 2014-2020 / Дискусија за втора модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски информираше дека активно се работи и на втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020, како од аспект на подобрување на целокупниот систем, така и од аспект на воведување на нови мерки. Иако приоритет се дава на добивање на акредитација на мерката Рурална јавна

инфраструктура, во наредната модификација ќе бидат предложени две мерки: LEADER и Советодавни услуги. По акредитирање на мерката Рурална јавна инфраструктура ќе се пристапи кон наредна модификација.

Во однос на LEADER мерката, претставникот на мрежата за рурален развој на Р.М, Петар Ѓоргиевски, постави прашање во однос на идните активности поврзани со оваа мерка, односно за колкав временски период истата ќе биде акредитирана се со цел, да се помогне на локалните акциски групи (ЛАГ) да бидат подготвени за оваа мерка. Раководителот на ТУ одговори дека, програмски мерката е веќе подготвена. Што се однесува на временскиот период потребен за нејзина конечна акредитација, тој истакна дека сѐ уште не може да даде конкретен одговор но истакна дека се работи за дологорочен процес. Доколку оваа мерка се акредитира како таква во рамки на Програмскиот документ, а другите структури не се подготвени за нејзина реализација, истото ќе резултира со губење на финансиски средства.

Претставникот на ЕК, Зиго Рутковскис, информираше дека следната модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 е поврзана со оваа мерка. Како резултат на проценката која во моментов се спроведува од страна на ревизорите, можеби ќе бидат потребни некои измени во описот на мерката.

Во однос на временскиот рок, претставничката на НАО, Тања Жежова, исто така одговори дека се зависи од комплетноста на пакетот кој првично ќе биде доставен од страна на АФПЗРР.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за воведувањето на нови мерки во ИПАРД Програмата 2014-2020 и идната втора модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020.

## 7. Точка 7 од дневниот ред „Активности за техничка помош"

### Потточка 7.1: „Напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2018"

Како превземени/спроведени активности во однос на спроведување на АПТА-та за 2018 година, претставникот на ТУ, Неда Груевска ги посочи:

- Потпишувањето на договор за надградба и одржување на ИПАРД web страната;
- Набавката на канцелариски материјал за Телото за управување со ИПАРД (во завршна фаза).

По измената на АПТА-та во октомври 2018 година, поднесена е апликација до АФПЗРР и се работи на одобрување на тендерското досие за спроведување на набавката за Ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013. До крајот на 2018 година, планирано е да се спроведе и набавката за превод на ИПАРД Програмата 2014-2020. Како дополнителна и реализирана активност беше наведено потпишувањето на договор за спроведување на кампања за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Во однос на втората модификација на АПТА-та за 2018 година, таа истакна дека истата се однесува на нереализираните активности од 2018 година кои ќе се префрлат во 2019 година. Другата измена се однесува на вклучување на трошоците на претставниците на ТУ на работилница за спроведување на Мерката техничка помош која што ќе се одржи во Брисел.

Во отсуство на забелешки, беше донесен следниот заклучок и одлука:

Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за напредокот на активностите во однос на спроведување на АПТА 2018.

Одлука бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 ја усвои измената и дополнувањето на акцискиот план на активности предвидена во мерката техничка помош за 2018 година (АПТА 2018).

Потточка 7.2: **„Напредок на активности за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Сашка Јовановска - Вукелиќ ги презентираше преземените активности во однос на комуникација и публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020 односно:

- Спроведени се 8 (осум) ИНФО денови во врска со мерката за инвестиции во рурална јавна инфраструктура организирани во соработка со Центарот за развој на осум плански региони во Република Македонија. Инфо деновите се реализирани во март и април 2018 година;
- Доставување на директни информации (телефонски и електронска пошта) на потенцијалните корисници;
- Појавувања на национални и локални радио и телевизиски канали како дневни весници и интернет портали ( преку 200 појавувања);
- Публикување на брошури и друг информативен материјал;
- Надградба и одржување на интернет страницата www.ipard.gov.mk; (изработена е надградба на интернет страницата и одржувањето ќе се имплементира до месец август 2019 година.

Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин информираше дека во фаза на подготовка е ново лого на ИПАРД за сите земји на Балканот и истото ќе биде испратено наскоро. Тој постави прашање до членовите на МК, односно побара нивно мислење во однос на запознаеноста на земјоделците во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020. Претставникот на мрежата за рурален развој на Р.М, Петар Ѓоргиевски и Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски одговорија дека генерално земјоделците се добро запознаени со ИПАРД Програмата 2014-2020, меѓутоа мора дополнително да се поработи на нивната запознаеност во однос на деталите на самата програма како што се потребните документи, критериумите и сл.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за напредокот на активности за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД Програмата 2014-2020

Потточка 7.3: „ **Усвојување на годишен акциски план за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Сашка Јовановска - Вукелиќ информираше дека акцискиот план за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД Програмата 2014-2020 ги опфаќа следните активности:

- Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014–2020;
- ИПАРД работилници за подготовка на ИПАРД барања;
- Појавувања/прилози во пишани и електоронски медиуми;
- Годишно објавување на листата на крајни корисници;
- Изработка и дистрибуција на барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД Програмата 2014–2020;
- Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД Програмата 2014–2020;
- Изработка на постери посветени на промоција на ИПАРД Програмата 2014–2020;
- Изработка и објава на аудио и видео спотови;
- Ажурирање на веб страница www.ipard.gov.mk.

Во однос на оваа потточка беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 4:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го усвои годишниот акциски план за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД Програмата 2014-2020.

Потточка 7.4: **„Усвојување на АПТА 2019"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски, го презентираше акцискиот план на активности предвиден во мерката техничка помош за 2019 година. Истиот предвидува набавка за организација на два Комитета за следење на ИПАРД 2014-2020, подготовка и спроведување на програмски мерки односно воведување на help desk-ови кои ќе соработуваат со центрите за плански региони во насока на поддршка на општините кои планираат да аплицираат за мерката Рурална јавна инфраструктура. Тој појасни дека се работи за ангажирање на експерти односно експертска помош која ќе биде во насока на олеснување на комуникацијата помеѓу општините и ТУ односно ќе ги подобри капацитетите на самите општини. Евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014- 2020 исто така е предвидена како набавка.

Претставникот на мрежата за рурален развој на Р.М, Петар Ѓоргиевски, предложи во иднина да се најде механизам, освен ТУ и дополнителни корисници да можат да користат средства од

Мерката Техничка помош. Претставникот на ЕК, Зиго Рутковскис, одговори дека во моментов единствено ТУ може да користи финансиски средства од таа мерка, меѓутоа, се работи на можноста и АФПЗРР да користи средства за спроведување на одредени функции поврзани со ИПАРД Програмата 2014-2020. Претставничката на ЗЕЛС, Наташа Вртеска, побара објаснување во однос на help desk-овите.

Претставникот на ТУ, Игор Трошански одговори дека идејата за воспоставување на овие help desk-ови, произлезе од една сериозна специфика која треба да се земе во предвид при спроведувањето на оваа мерка. Можностите на нашата земја за реализација на оваа мерка се ограничени, од аспект на следење на правилата и постапките кои ЕК би ги побарала од нас, особено во насока на спроведување на јавните набавки согласно прирачникот за јавни набавки на ЕК (PRAG) кој во одредени делови се разликува со Законот за јавни набавки на Р.М. Претставникот на ТУ, Кирил Ристоски и РТУ, посочија дека АПТА-та за 2019 година е индикативен документ, што значи дека не е прецизирано детално како ќе се спроведува таа мерка. При реализација на мерката, ќе биде изработен ToR (проектни задачи) во кој ќе биде опфатено сè што таа мерка треба да реализира. Тие истакнаа дека help desk-овите всушност значат обезбедување на експертска помош, која што ќе биде искористена во насока на спроведување на PRAG од страна на општините, а начинот на реализирање на таа експертска помош ќе биде дополнително утврден.

По завршување на дискусијата беше донесена следната одлука:

| |
|---|
| **Одлука бр. 5:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го усвои акцискиот план на активности предвидена во мерката техничка помош за 2019 година (АПТА 2019)" |

**8. Точка 8 од дневниот ред: „Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на НАО, Тања Жежова го информираше Комитетот во однос на системот за управување за управување и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020. Во насока на подобрување на системот, беа направени неколку измени на внатрешните процедури за работа на АФПЗРР. Истите се однесуваат на Секторот за одобрување на проекти, за одобрување на плаќања, на базата за референтни цени како и на Секторот за правни и општи работи. Последната измена се однесува на скратување на рокот за дополна на барањето за финансиска подршка од страна на апликантите.

Во согласност со Годишниот план за верификациски посети за 2018, една верификациска посета во рамки на програмскиот период ИПАРД 1 беше спроведена во ИПАРД Агенцијата и кај крајните корисници во периодот јуни–септември 2018 година. Оперативните структури на ИПАРД беа предмет на внатрешната ревизија во текот на 2017/2018 година од страна на секторите/одделенијата за внатрешна ревизија во рамките на секоја институција.

Во однос на бројот на вработени во НАО таа информираше дека бројот на вработени е 17 (вклучувајќи го и НАО), во АФПЗРР 110 вработени се ангажирани на прашања поврзани со ИПАРД, и во ТУ 17 (вклучувајќи го РТУ).

Што се однесува на ризикот од губење на средства, земајќи во предвид дека до крај на оваа година, со примената на правилото n+3, алокациите од 2014 и 2015 година, во износ од 10.000.000 €, доколку не бидат искористени, ќе бидат изгубени. Според калкулациите, земајќи го во предвид и предфинансирањето кое што беше побарано од страна на ЕК и одобрено во износ од 6.300.000 €, досегашните исплати од 341.000 €, како и планираните исплати на ИПА средства до 31.12.2018 во износ од 2.700.000 € , износот на средства кои би се изгубиле од буџетските алокации за 2014-2015 година за ИПАРД Програмата изнесува 2,07 милиони евра. Од страна на министерот на МЗШВ беше доставено писмо до ЕК за пролонгирање на рокот од n+3 на n+5 и сè уште се чека одговор.

Во врска со оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

Заклучок бр.10: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020.

9. Точка 9 од **Дневниот ред: „Информација/дискусија за резултатите од тековната евалуација"**

Претставникот на ТУ на кратко ги презентираше резултатите од тековната евалуација. Тој нагласи дека АФПЗРР има важна улога во активностите за евалуација, бидејќи тие имаат информации во врска со ИПАРД апликациите/барањата, поддржани проекти, исплати и контроли. Со други зборови, голем дел од основните податоци потребни за спроведување на процесите за евалуација се наоѓаат во АФПЗРР. Нагласен е ризикот од задоцнети податоци од првиот јавен повик, бидејќи придонесува за понатамошни одложувања во измените и подобрувањето на другите законски или програмски барања и целокупната надградба на процесите за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Земајќи во предвид дека во однос на оваа точка не беше покрената дискусија, членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го донесоа следниот заклучок:

Заклучок бр.11: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за резултатите од тековната евалуација.

10. **Точка 10 од дневниот ред: „Информација за реформите во Заедничката земјоделска политика на ЕУ по 2020 година"**

Оваа точка беше презентирана од страна на претставникот на ЕК, Лиам Бреслин кој ги претстави реформите во Заедничката земјоделска политика на ЕУ по 2020 година. Буџетот за спроведување на овие реформи изнесува околу 100 милијарди € и истите се наменети за:

- Единствен пазар, иновации и дигиталност;
- Инвестирање во социјална кохезија и вредности;
- Природни ресурси и околина;
- Миграција и управување со границите;
- Безбедност и одбрана;

- Соседството на ЕУ и пошироко во светот и
- Европска јавна администрација.

Како основни приоритети на Заедничката земјоделска политика во иднина тој ги посочи:
- Модернизација и поедноставување на политичката рамка;
- Иновации и знаење за идното земјоделството;
- Издржливост на европското земјоделство, со подеднаква и поефикасна поддршка;
- Зајакнување на активностите за заштита на животната средина и околината;
- Раст и работни места во руралните средини и поттикнување на генерациско обновување; и
- Одговорот на загриженоста на граѓаните за одржливо земјоделско производство.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр.12:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше за реформите на заедничката земјоделска политика на ЕУ по 2020 година.

11. Точка 11 **од Дневниот ред: „Разно"**

Во однос на оваа точка не беше покрената дискусија.

12. Точка 12 **од Дневниот ред: „Предлог на дневен ред за следниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 и усогласување на датумот за негово одржување"**

Во врска со точка 12 од дневниот ред, претседавачот информираше за предлог дневниот ред за следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020. Во однос на наредниот состанок тој предложи датумот на одржување за наредниот петти состанок на Комитетот да биде договорен во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија. Претседателот го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| **Nefrus Çeliku** | **Живко Брајковски** |
| Титула: Претседател | Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 23.05.2019 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
II
СКОПЈЕ - SHKUP

| Бр. | Име на членовите | Институција | Присутен √ | Отсутен √ | Претставник √ | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | м-р Нефрус Челику | МЗШВ | | √ | √ | Живко Брајковски | 0 |
| ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | | | | | | |
| 2. | Трајан Димковски | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 3. | Никица Бачовски | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 4. | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 5. | Славица Михајловска | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 6. | Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | | √ | √ | Љубица Герасимова | 0 |
| 7. | Марина Арсовска | Министерство за економија | √ | | | | 0 |
| 8. | Вулнет Арифи | МЛС | √ | | | | 0 |
| 9. | Александра Матиќ - Север | МК | √ | | | | 0 |
| 10. | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | | 1 |
| 11. | Дарко Пешевски | Министерство за транспорт и врски | | √ | | | 3 |
| 12. | Душан Томшиќ | Министерство за труд и социјална политика | | √ | √ | Младен Фрчковски | 1 |
| 13. | Сашко Арсов | АХВ | √ | | | | 0 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | | |
| 14. | Елгафар Јусуфи | АПРЗ | | √ | √ | Петар Андонов | 0 |
| 15. | Љиљана Вуковиќ | Агенција за поддршка на претприемништвото | √ | | | | 0 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | | |
| 16. | Сашо Деспотовски | Стопанска комора на Македонија | | √ | | | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Огнен Оровчанец | Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ | | √ | √ | Александар Зарков | 1 |
| 18. | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | | 1 |
| 19. | Асен Дуковски | Сојуз на земјоделци на Македонија | √ | | | | 0 |
| 20. | Зоран Зимбаков | Заедница на единиците на локалната самоуправа | √ | | | | 1 |
| 21. | Проф. д-р Ана Котевска | Факултет за земјоделски науки и храна | | | √ | Ивана Јанеска Стаменковска | 0 |
| 22. | Драган Дојчиновски | Комора на занаетчии | | | | | 2 |
| 23. | Проф д-р Верица Илиева | Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип | | | | | 2 |
| 24. | Марина Тошевска | Агро-Лидер | | | √ | Даниела Цветаноска | 0 |
| 25. | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М | √ | | | | 0 |
| 26. | Проф. д-р Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | | 0 |
| 27. | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | | 0 |
| 28. | Гордана Лозановска Стефановска | ЛАГ Пелагонија | √ | | | | 1 |
| 29. | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | | | | | 2 |
| | ВКУПНО | | 17 | 6 | 6 | | |

## Прилог 2: Листа на набљудувачи

### Претставници на Владини институции:

Лидија Кастратовиќ - МЗШВ;
Валентина Стојановиќ –Туфа - МЗШВ;
Александар Димитровски - МЗШВ;
Ленче Николовска - КПВРМ;
Стефани Арсовска - КПВРМ;
Иван Ристовски - ЗКПВРМ;
Дана Петреска - СЕП;

### Претставници од Државен завод за Ревизија

Зоран Ристовски - ДЗР;
Весна Младеновска - ДЗР;
Наташа Мисовска - ДЗР.

### Претставници на економски и социјални партнери

Владимир Христов - АФПЗРР;
Вангел Наневски - АФПЗРР;
Авдуљ Селам Селами - АФПЗРР;
Верица Павлоска - АФПЗРР;
Седат Бислими - АФПЗРР;
Панче Арсов - АФПЗРР;
Славко Милошевски - АФПЗРР;
Љуљзим Фејзулаи - ЈП за стопанисување со пасишта;
Алирами Салији - Државен универзитет во Тетово;
Виктор Калајџиски - МБПР;
Влатко Стојановски - АВРМ;
Маја Арсовска - АВРМ.